**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika e Maqedonisë së Veriut AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 19.12.2019
| Орг. единица / Njësia org. | Број / Numri | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| 10 | 5460 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** радио програмскиот сервис на ЕФ-ЕМ 90.3 - СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 декември 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 декември 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
   *(7) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца.*
   *(8) Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30%.*
   *(9) Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе донесе подзаконски акт со кој ќе утврди план за времето и жанрот за емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници за трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио).*

   - **Точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година** (*Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот*).

**6. Претходно изречена мерка:**

*На 1 ноември 2019 година, за непочитување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовозиуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена (Уп1 бр. 03-489 од 01.11.2019 година) на ЕФ-ЕМ 90.3 - СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението (06.11.2019 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.*

**7. Констатации од надзорот:**

Со контролниот програмски надзор врз радио програмскиот сервис на ЕФ-ЕМ 90.3 - СПОРТСКО РАДИО ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, емитуван на 2 декември 2019 година, на регионално ниво, констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **во целост постапил по решението за изрекување мерка – јавна опомена, односно ја отстранил извршената повреда на член 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика** *(Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот).*

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***